АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 22.02.2019			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
10	1075	1	

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 февруари 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 февруари 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*во програмите што содржат пласирање производи не смее да му се придава претерана важност - истакнување или упатување - на производот за кој станува збор*).

Во две изданија на емисијата „Избор на најдобри рецепти", по жанр - забавно-документарна програма (*кулинарство*), на 2 февруари 2019 година, спротивно на членот 55 став 7 од ЗААВМУ, и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, опфатени под заеднички поднаслов – „*Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување*" - во делови од наведената аудиовизуелна целина е направена – и вербална и визуелна - рекламна презентација на повеќе апарати за домаќинство од фирмата „Макс", продажно застапувана од „Агротехна", како и на сувомеснати производи од фирмата „Златиборац".

Наслов на емисијата	Период на емитувањето		Опис на прекршувањето
	почеток	**крај**	
Прво издание на емисијата – „***Избор на најдобри рецепти***" *– забавно-документарна програма*	08:31:50	09:15:29	*Во двете изданија на емисијата (аудиовизуелната целина) се вметнати делови со кои им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на повеќе производи на фирмите „Макс" и „Златиборац".*
Второ издание на емисијата – „***Избор на најдобри рецепти***" *– забавно-документарна програма*	10:05:14	10:41:10	

Сите вербални – *истакнувања и упатувања*, кон одредени производи (во случајов - апарати за домаќинство и сувомеснати производи), се состојат од репетитивни описи на квалитативни, на технички и на дизајнерски карактеристики на производите, проследени со практична демонстрација на нивната функционалност. Визуелно, пак, ваквите постапки на водителот на емисијата се илустрирани со режисерки пристап составен од – долготраен, интенционален (*рекламирачки)* кадар снимен со многу крупен план (детаљ) врз производите и врз нивната трговска марка, како и со монтажни резови по кои следува било нов кадар било нова сцена со непосреден приказ на одреден производ, а одвреме -

навреме ваквиот аудиовизуелен склоп е сосем дефокусиран од непосредните - дејство или тема, смисловно првопланирани според сценариото (на пример, дефокусирани – од портретирањето на учесникот во емисијата или од описот на готвениот рецепт).

Ваквиот аудиовизуелен пристап во составувањето аудиовизуелна целина е типичен за телешопинг презентација, односно (како што посочува и европската „Директива за аудиовизуелни медиумски услуги") – *„ја прави нејасна границата меѓу рекламирањето и уредувачки контролираната содржина*".

Во објаснувачки прилог кон констатираното прекршување на наведените законски и подзаконски одредби, посочуваме и неколку цитати од говорот на водителот на емисијата „Избор на најдобри рецепти", дадени (морфо-синтаксички) буквално:

А. ***Цитати од рекламно-промотивниот говор на водителот во изданието на емисијата од 8 часот и 30 минути***:

- ***Пример 1*** (почеток на овој прилог/дел од аудиовизуелна целина – 08:35:04 – крај на прилогот – 08:37:20):

- *(...) Време е да ги поздравам и новите пријатели коишто од денеска ќе бидат дел од „Изборот на најдобри рецепти" – апаратите за домаќинство – „Макс". „Агротехна" се ексклузивни застапници токму на овие апарати за домаќинство коишто од денес ќе бидат дел од „Изборот на најдобри рецепти" и ќе бидат дел од кујната на секој оној којшто ќе биде дел, всушност, на нашата емисија, од нашето кулинарско шоу, од секој оној којшто ќе претстави по еден свој рецепт. Владимир (- учесникот - готвач во емисијата – з.н.) ќе ја имаш таа чест да бидеш првиот наш домаќин кој го запознаваме со апаратите на „Макс". Имаме тука апарат за правење кафенце, имаме тостер. На самиот почеток, еден од овие две нешта, еден од овие апарати ќе треба да биде и твој подарок, а всушност тоа ќе го практикуваме со секој учесник во емисијата. Што би избрал од овие две нешта?*

- *(...) Еве го и апаратчето коешто ќе го искористиме за правење на турско кафенце. Отприлика само морам да ги запознаам нашите гледачи, бидејќи има навистина фантастични нешта коишто би сакал да ги знаат и гледачите. Доколку го користат апаратот во својот дом, собира околу 270 милилитри вода, што значи за два филџани на убаво турско или македонско кафенце, зависи кој како си го нарекува. Самиот дел каде што се вари кафето, нели, си е убаво изолиран, од самите грејачи, што значи дека вкусот што го добиваме тука на кафенцето исто како да го вариме на рингла, односно на шпорет, но го добиваме кафенцето за многу помалку време за разлика од стандардното варење на кафе;*

- ***Пример 2*** (почеток на прилогот/дел од аудиовизуелна целина – 08:38:41 – крај на прилогот – 08:39:05)

- *Да се префрлиме со тебе во другиот дел од кујната, само да им презентираме на гледачите што ќе биде тоа што ќе го готвиме со тебе денеска. Во меѓувреме таму ни се и деликатесните производи од нашите стари пријатели „Златиборац" коишто сакам да ги поздравам. Традиција од 1885 година;*

- ***Пример 3*** (почеток на прилогот/дел од аудиовизуелна целина – 08:41:30 – крај на прилогот – 08:42:20)

- *За нешто помалку од 2 минути ни е готово и кафенцето во ѓезвето на „Макс". Она што го открив, што посебно ми се допадна е функционалната рачка на самото ѓезве. (...) Посебно ми се допаѓа кај ѓезвенцето е тоа што рачката е мултифункционална, односно можете да ја соберете кога ќе завршите со употреба, така да можете да си го сместите ѓезвето во било кој дел од кујната сакате;*

- ***Пример 4*** (почеток на прилогот/дел од аудиовизуелна целина – 08:55:00 – крај на прилогот – 08:59:35)

- *Да ги искористиме минутите, значи од нашите пријатели и апаратите за домаќинство „Макс". Помеѓу тостерот и апаратот за кафенце, за македонско или турско кафенце, кој како си го вика, Владимир за подарок си избра тостер. Може да го пробаме тостерот. (...) Каде да го ставиме тостеров што ќе биде подарок за тебе? Да ни направиш еден тост, чисто да видиме мислење од прва рака за функционалноста на и овој апарат на „Макс". Само да ги потсетам гледачите дека го испробуваме најновиот модел на „Макс тостер", тостерот кој го имаат дизајнирано македонски дизајнери. (...) Овој тостер ги има сите работи што човек може да ги посака: нелепливи грил-плочи лесни за чистење, рачка отпорна на топлина, сијаличка којашто кажува кога тостерот е загреан, капак со сигурносна брава благодарение на која нема повеќе стискање со сета сила на тостерот, со други зборови – тостерот сам си тостира, и тоа што сакате - сакате тостови, сакате лепчиња, па дури сум слушнал дека и јајца се пржат на него, затоа што плочите не се лепат;*

Б. Цитати од рекламно-промотивниот говор на водителот во изданието на емисијата од 10 часот и 5 минути:

Пример 5 (почеток на прилогот/дел од аудиовизуелна целина – 10:18:00 – крај на прилогот – 10:20:45):

- *Тоше (учесникот – готвач во емисијата – з.н.) пред да готвиме имаме изненадување за нашите домаќини, производите од „Златиборац", односно дел од нивните сувомесни деликатеси, коишто сигурен сум дека ги имаш пробано, или ги користиш досега. Одат во оваа ќеса на крајот од емисијата и остануваат за вас. Имаме и нови пријатели – апаратите за домаќинство „Макс". Денеска во оваа кујна донесовме апарат за правење палачинки, и*

донесовме електрична цедалка. (...) И, нормално, и две работи коишто денеска ги претставуваме на нашите гледачи оставаме и избор ваш, што од ова си носите дома. (...) Сега би сакале од ваша рака да испробаме како ни функционира „Макс" апаратот за цедење на сокови, и додека ги сечеме портокалите, само да кажам, освен што, нели, што штедиме на време за разлика од рачните цедалки, имаме и два вида на конус – поголеми и помали конуси, за да можеме да цедиме разни овошја. (...);

Пример 6 *(*почеток на прилогот/ дел од аудиовизуелна целина – 10:29:24 – крај на прилогот – 10:30:43*):*

- *Од апаратите за домаќинство „Макс", помеѓу цедалката електрична за сокови и овој апарат за правење на убави, домашни, вкусни палачинки, го одбравме токму ова, коешто исто така сега ќе презентираме на нашите гледачи како работи. Полека-полека ја добиваме температурата којашто ни е потребна за да направиме убави, вкусни палачинки додека ни се загрее сето ова тука, само да кажам дека и те како со овој апарат за правење палачинки на „Макс" доколку го имате дома ќе заштедите во правењето на палачинки, нема да стоите два-три часа над шпорет, па половина од направените палачинки да ви бидат изгорени, да не ви бидат убаво направени, благослов е да имате еден ваков апарат во секој дом, доколку сте љубители на убавите домашни палачинки. Исто така, само да кажам дека и плотната лесно се чисти, тоа Тоше мислам дека е најважно за секоја домаќинка и за секој домаќин, а исто така, ајде ќе кажам иако знам дека тоа се подразбира, навистина воопшто ниту се лепат палачинките за оваа плотна брза и лесна е за чистење и подготовката е навистина фантастична. Сега ќе покажеме зошто го избравме овој апарат за да го носиме дома;*

- ***Пример 7*** *(*почеток на прилогот/ дел од аудиовизуелна целина – 10:31:52 – крај на прилогот – 10:32:05*):*

- *Со Тоше правиме проба на „Макс" апаратот за правење на убави, домашни палачинки, а овие апарати можат и во ресторански кујни да се користат, дефинитивно замена за тавите коишто ги лепат палачинките и бараат многу повеќе време за подготовка на истите (...);*

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 февруари 2019 година, во емисијата „Избор на најдобри рецепти" им е придадена претерана важност (истакнување или упатување) на повеќе производи на фирмите „Макс" и „Златиборац".

9. Предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Сектор за програмски работи